# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **30.03. 2016 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 4** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за согласност на Планот за вработување за 2016 година бр. 0801 – 223 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232**
**30.03. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр,05/02) како и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор ( ,,Службен весник на РМ,, бр.132/2014) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**за согласност на Планот за вработување за 2016 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Планот за вработување за 2016 година изготвен од Градоначалникот на Општина Свети Николе.

**Член 2**

Според Планот согласноста се дава за отварање на 12 нови работни места и вработувања на нивоа:

Б2 ......................1 извршител

Б3.......................1 извршител

Б4.......................3 извршители

В3.......................3 извршители

В4.......................2 извршители

В1.......................1 извршител

А2. . . . . .. . . . . . .. 1 помошно техничко лице (домакин)

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Свети Николе планот да го донесе најдоцна до 10-ти Мај и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801- 223** **Совет на Општина Свети Николе**

**30.03.2016 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за учество во донација бр. 0801 – 224 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/2**
**30.03. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (,,Службен веснуик,, на Рм бр.05/02), како и член 1 в.в. со член 10 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (,,Службен весник на РМ,, бр.47/2014), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**за учество во донација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето и примањето на донација со цел да се обезбеди подршка на дејностите од јавен интерес за решавање на одредени состојби и проблеми.

**Член 2**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност Општина Свети Николе да учествува во донација одобрена на ЈКП ,,Комуналец,, -Свети Николе која се состои од два камиони за собирање на смет.

**Член 3**

Општина Свети Николе во донацијата ќе учествува со финансиски средства во износ од 1.000.000,00 денари (еден милион денари) кој средства се предвидени во Буџетот на Општина Свети Николе за 2016 година.

**Член 4**

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе се користата според Договор за донација кој ќе биде склучен во писмена форма помеѓу давателот и примателот на донацијата согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801- 224** **Совет на Општина Свети Николе**

**30.03. 2016 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2-16 година бр. 0801 – 225 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/3** **Општина Свети Николе**
**30.03. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа( Сл. Весник на Рм бр.5/2002) а во врска со член 34 од Законот за Буџети( Сл. Весник на РМ бр.64/2005,2008)

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

## За **2016** година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаСВЕТИ НИКОЛЕ за 2016 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 2.306.813 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.306.813** | **0** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 2.199 | 0 | 0 |
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 13.887 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| **K30** | **МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 7.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 3.658 | 0 | 0 |
| 421310 | Пошта | 0 | 1.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 4.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 14.000 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 63.000 | 0 | 0 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 17.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 1.233.291 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 179.004 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 229.976 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 28.798 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.306.813** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе“ за 2016 година

Бр. 0801- 225

30.03.2016

Претседавач на Советот на Општината

**ИЛИЈА СТОИЛЕВ** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на Правилникот за организација на работните места во ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе бр. 0801 – 226 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/4**
**30.03. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) како и член 32 став 4 од Законот за установи (,,Службен весник на РМ,, бр.32/05), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03.2016 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статутот на Правилникот за организација на работните места во ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Правилникот за организација на работните места во ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе бр. 02-152/2 од 13.07.2015 година на ЈОУ Детската градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе донесен со Одлука од Управниот одбор на установата бр.02-152/1 од 13.07.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801-226**
**30.03.2016год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе
бр. 0801 – 227 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/5**
**30.03. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) како и член 32 став 4 од Законот за установи (,,Службен весник на РМ,, бр.32/05), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03.2016 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе донесен со Одлука од Управниот одбор на установата бр.02-151/1 од 13.07.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801-**227
30.03**.2016год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе бр. 0801 – 228 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/6** **Општина Свети Николе**
**30.03. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) како и член 32 став 4 од Законот за установи (,,Службен весник на РМ,, бр.32/05), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03.2016 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе бр. 02-215/2 од 24.11.2015 година на ЈОУ Детската градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе донесен со Одлука од Управниот одбор на установата бр.02-215/2 од 24.11.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801-**228 **Совет на Општина Свети Николе**
30.03.**2016год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе бр. 0801 – 229 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/7** **Општина Свети Николе**
**30.03. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) како и член 32 став 4 од Законот за установи („Службен весник на РМ„ бр.32/05), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03.2016 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ Свети Николе бр. 02-154/2 од 13.07.2015 година на ЈОУ Детската градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе донесен со Одлука од Управниот одбор на установата бр.02-154 од 13.07.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801-**229
30.03.**2016год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за изградена градба помошен објект и гаража на дел од КП бр.2692- улица , КП бр.2694/2 и КП бр.2707/3 КО Амзабегово запишани во И.Л. бр.1 сопственост на Република Македонија бр. 0801 – 230 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/8**
**30.03. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" број 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13)(пречистен текст) и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија " бр.56/2011 ) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03.2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за изградена градба помошен објект и гаража на дел од КП бр.2692- улица , КП бр.2694/2 и КП бр.2707/3 КО Амзабегово запишани во И.Л. бр.1 сопственост на Република Македонија**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација согласно Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација и тоа:

1. Помошен објект помошен објект – зграда бр.3 и гаража зграда бр.4 согласно Геодетски елаборат бр.10-113/11 од 09.03.2011 год. со И.Л. бр.603 , И.Л. бр.1 и И.Л. бр.4 за КО Амзабегово . КП бр.2692 КО Амзабегово во сопственост на Република Македонија - улица со површина под објект од 3 м2 за зграда бр.4 запишана во И.Л. бр.1. КП бр.2694/2 КО Амзабегово во сопственост на Република Македонија со површина под објект од 152 м2 за зграда бр.3 запишана во И.Л. бр.1. КП бр.2707/3 КО Амзабегово во сопственост на Република Македонија со површина под објект од 22 м2 за зграда бр. 3 запишана во И.Л. бр.1 , согласно чл.2 став 1 алинеја 6 од „Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација" (Сл.весник на РМ бр. 56/11), предмет бр. 09-683 од 29.07.2011 година на име на баратател Павле Панов .

2. Советот во иднина ќе одобри баратaелот да пристапи кон изработка на урбанистичката документација со која баратaелот би можел наведениот објект да го вклопи со својата намена и функција .

3. Овие објекти се изградени на дел сопствено земјоделско земјиште , но со поголем дел навлегуваат во две други кастарски парцели сопственост на Република Македонија .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0801 - 230** | **Општина Свети Николе** |
| **30.03. 2016 година** | **Претседател на Совет,** |
| **Свети Николе** | **Илија Стоилев с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за изградена градба инфраструктурен објект со помошен простор помошен објект и гаража на дел од КП бр.7836/1 и КП бр.3982/1 м.в. Кучемелци , КО Св. Николе-вон гр. во сопственост на Република Македонија бр. 0801 – 231 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 30.03. 2016 година.

**Бр.0901-232/9** **Општина Свети Николе**
**30.03. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13)(пречистен текст) и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Службен весник на Република Македонија ” бр.56/2011 ) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 30.03.2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за изградена градба инфраструктурен објект со помошен простор помошен објект и гаража на дел од КП бр.7836/1 и КП бр.3982/1 м.в. Кучемелци , КО Св. Николе-вон гр. во сопственост на Република Македонија**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација согласно Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација и тоа:

2. Инфраструктурен објект со помошен простор – зграда бр.1 согласно Геодетски елаборат бр.08-74/2 од 17.03.2016 год со И.Л. бр.802 и И.Л. бр.797 за КО Св. Николе- вон гр. КП бр.7836/1 м.в. Кучемелци , КО Св. Николе-вон гр. во сопственост на Република Македонија со површина од 20 м2 земјиште под зграда 1 запишана во И.Л. бр.802 и КП бр.3982/1 м.в. Кучемелци , КО Св. Николе-вон гр. во сопственост на Република Македонија – корисник У.С. Кочо Рацин со површина од 10 м2 земјиште под зграда 1 запишана во И.Л. бр.797 КО Св. Николе-вон гр., согласно чл.2 став 2 од „Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација“ (Сл.весник на РМ бр. 56/11), предмет бр. број 1002-175 од 03.02.2016 год. на име на барател Радио Свети Николе .

4. Советот во иднина ќе одобри барателот да пристапи кон изработка на урбанистичката документација со која барателот би можел наведениот објект да го вклопи со својата намена и функција .

5. Овие објекти се изградени на дел сопствено земјоделско земјиште , но со поголем дел навлегуваат во две други кастарски парцели сопственост на Република Македонија .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801-231** **Општина Свети Николе**
**30.03. 2016 година** **Претседател на Совет,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Точка 1**
Одлука за согласност на Планот за вработување за 2016 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.1

**Точка 2**
Одлука за учество во донација. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.2

**Точка 3**
Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2016 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.3

**Точка 4**
Одлука за давање согласност на Правилникот за организација на работните места во ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.4

**Точка 5**
Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.5

**Точка 6**
Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,, Рахилка Гонева,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.6

**Точка 7**
Одлука за давање согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.7

**Точка 8**
Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за изградена градба помошен објект и гаража на дел од КП бр.2692- улица , КП бр.2694/2 и КП бр.2707/3 КО Амзабегово запишани во И.Л. бр.1 сопственост на Република Македонија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.8

**Точка 9**
Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација за изградена градба инфраструктурен објект со помошен простор помошен објект и гаража на дел од КП бр.7836/1 и КП бр.3982/1 м.в. Кучемелци , КО Св. Николе-вон гр. во сопственост на Република Македонија . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.9

**Бр. 0801-233**
**30.03.2016год.**
**Свети Николе**